СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЧИНИ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ И СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ИЗБРАНИ ЗЕМЈИ

**-кратка информација-**

*Скопје, март 2021*

Предмет на кратката информација **е одговор на прашањето дали во земјите постои важечко национално законодавство, или пак предлог-законодавство со кое се регулираат можностите на компаниите за социјални медиуми (социјални мрежи) да отстрануваат одредени корисници на мрежите или можности да цензурираат или отстрануваат објави.** Со кратката информација се опфатени 18 држави[1] во Европа.

Кратката информација[2] е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

Од анализираните држави, во мнозинството односно во 15 држави нема законодавство кое ја регулира можноста за компаниите за социјални медиуми да отстрануваат одредени корисници регистрирани на медиумите или можности да цензурираат или отстрануваат објави и најчесто тоа е предмет на договори меѓу социјалните медиуми и корисниците. Во две од наведените држави (Чешка и Унгарија) не постои важечко законодавство, но има предлог-закон за регулирање на наведената материја, а само во една држава (Австрија) има важечко национално законодавство за предметната материја.

Во **Чешка**, изработен е предлог-закон согласно кој, администраторите на одредена платформа на социјални медиуми или каква било друга платформа која им дозволува на корисниците да објават содржина што сами ја креирале, а притоа има повеќе од 100.000 корисници ќе се соочат со правни санкции (вклучувајќи и казна затвор) доколку ја нарушат слободата на изразување преку неоправдано отстранување на одредена објава на нивни корисници со намера да спречат јавна дебата за важни прашања од јавен интерес.

Во **Унгарија**, планирана е изработка на предлог-закон кој ќе содржи одредби за регулирање на слободата на изразување и заштита на приватноста, заштита на лични податоци, регулирање на медиумските услуги, оданочување вклучително на данок за дигитални услуги, активности на социјални платформи, заштита на авторски права, кривични дела (говор на омраза, сајбер-булинг и сл.), детска заштита и национален суверенитет.

[1] Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Естонија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Латвија, Литванија, Норвешка, Португалија, Романија, Словачка, Словенија.

[2] Информациите содржани во кратката информација се добиени од страна на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација; https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/my-requests

**Австрија** е единствена држава од анализираните држави која има Закон за заштитни мерки за корисници на комуникациски платформи кој стапил на сила на 1 јануари 2021 година. Целта на законот е да овозможи одговорно, транспарентно и навремено справување со пријавите на корисниците на комуникациските платформи. Законот се применува на домашни и странски профитно ориентирани комуникациски платформи со просечен број од над 100.000 корисници регистрирани во Австрија и годишен приход над 500.000 евра. Основачите на комуникациските платформи се должни да воспостават ефикасни и транспарентни процедури за справување со пријави на корисниците за незаконски содржини. Меѓу другите обврски, комуникациските платформи мораат да им дозволат на нивните корисници да пријават објава на незаконски содржини и да побараат увид во одлуките на комуникациската платформа во врска со тие објави. Комуникациските платформи мораат да осигурат дека ќе ги отстранат или блокираат во рок од 24 часа сите пријавени содржини кои се незаконски и чија незаконитост е очигледна и може да ја забележи и лице без професионални познавања (лаик), а сите останати незаконски објави ќе ги отстранат или блокираат најдоцна во рок од 7 дена. Исто така, основачите на комуникациските платформи мораат да обезбедат увид во нивните одлуки за тоа дали да се отстрани или не одредена објава. Корисниците на платформата можат под одредени услови да поднесат и жалба до канцеларијата за жалби за непочитување на обврските или за одредено прекршување на правилата од страна на основачите на комуникациската платформа.

Изработила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

____________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384